Република Македонија

**Министерство за локална самоуправа**
**Државен инспекторат за локална самоуправа**

Бр. 03-267/2
09.08. 2018 година

Министерство за
локална самоуправа

Државен инспекторат за
локална самоуправа

Св Кирил и Методиј бр.54
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3253 941
Факс: (02) 3253 920
Е-пошта:
Сајт: www.mls.gov.mk

# СТРАТЕШКИ ПЛАН ЗА ПЕРИОД 2019-2021 НА ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

Август,2018

Република Македонија

**Министерство за локална самоуправа**
**Државен инспекторат за локална самоуправа**

## 1 Вовед

Стратешкото планирање претставува ефикасен и современ начин на управување со цел дефинирање стратегии за остварување на приоритетите и целите на Државниот инспекторат за локална самоуправа и подобрување на ефикасноста и ефективноста во спроведување на политиките, евалуацијата и транспарентноста.

Стратешкиот план на Државниот инспекторат за локална самоуправа за период 2019 - 2021 година претставува основен план за развој во кој се содржани целите и приоритетите на Државниот инспекторат за локална самоуправа, дефинирана е програмата за остварување на целите и приоритетите и утврдени се потребните средства за реализација на приоритетите преку буџетскиот процес. Приоритетите се во насока на остварување на мисијата и визијата на Инспекторатот.

### 1.1Визија

Државниот инспекторат за локална самоуправа има за цел да оствари повеќе отворени работилници и одржување на конференции, достапни за сите, со кои ќе се овозможи доближување на инспекторатот до општините и до граѓаните како и зголемување на неговиот публицитет.

### 1.2 Мисија

Државниот инспекторат за локална самоуправа, орган во состав на Министерството за локална самоуправа, спроведува активности кои се однесуваат на вршење на надзор над законитоста на прописите на општините вклучително и надзор над постапката за донесување на прописите. Во рамки на своите надлежности Државниот инспекторат за локална самоуправа спроведува три вида на надзор и истиот го спроведува преку увид на прописите на општините кои општините ги доставуваат до инспекторатот во форма на службени гласници. Исто така, Државниот инспекторат

за локална самоуправа надзорот го спроведува и преку увид во прописите на општините, а во врска со добиени претставки или иницијативи.

## 1.3 Задачи, обврски и активности

Државниот инспекторат за локална самоуправа спроведува три вида на надзор и тоа редовен, вонреден и контролен надзор. Надзорот се спроведува преку увид на прописите на општините кои општините ги доставуваат до Државниот инспекторат за локална самоуправа во форма на службени гласници. Надзорот, државниот инспекторат за локална самоуправа, го спроведува или во своите службени простории или во просториите на општините. Во вршењето на работите од својата надлежност, Инспекторатот обезбедува правна сигурност и извесност со:

- почитување на обврската сите прописи кои се донесуваат од страна на Советот на општините да бидат во согласност со Уставот и законите и
- постапување и одлучување во согласност со закон, меѓународни договори ратификувани согласно со Уставот на Република Македонија и со други прописи донесени врз основа на закон.

Задачите и обврските на ДИЛС се во рамките на:

1. Континуиран инспекциски надзор кој се врши преку проверка на одлуките на советите на општините кој ке бидат доставени од општините до Државниот инспекторат за локална самоуправа, а во согласност со законската обврска на општините да ги доставуваат донесените одлуки и прописи до Државниот инспекторат за локална самоуправа редовно, односно во рок од 10 дена од нивното донесување.
2. Вонредни инспекциски надзори на работата на советите, на општините по пат на ненајавена посета. Секој инспектор ќе врши надзор на општините кои се во состав на регионите за кои тој е одговорен.
3. Инспекторатот и понатаму ќе постапува и по сите преставки од страна на граѓаните и институциите што доаѓаат до него. Доколку инспекторатот оцени дека некои одлуки донесени од страна на советот на единицата за локална самоуправа не се во согласност со законската регулатива ќе се донесе решение за запирање и ќе се поведе постапка пред Уставниот суд за оценување на уставноста и законитостта на одлуката согласно Уставот на РМ.

## 1.4 Специфичности на Инспекторатот

Вршењето на работите за кои е надлежен Државниот инспекторат за локална самоуправа се засноваат на надлежностите и обврските што произлегуваат од Законот за Државниот инспекторат за локална самоуправа.
Во своето работење инспекторатот ги поддржува следните основни принципи: начело на законитост и супсидијарност, начело на транспарентност, јавност и отчетност, начело на еднаквост, непристрасност и објективност, начело на самостојност и независност, начело на превенција.

## 1.5 Структура на Инспекторатот

Инспекторатот работите од својата надлежност ги врши преку:

- директор на Инспекторатот и
- инспектори за локална самоуправа

Внатрешната организација на Инспекторатот, на предлог на директорот во согласност со закон, поблиску ја утврдува министерот за локална самоуправа, со актите за внатрешна организација на Инспекторатот.

Во Државниот инспекторат за локална самоуправа се формираат следните организациски единици:

- Сектори
- Одделенија

1. Сектор за надзор над прописите на општините од пелагонискиот, југозападниот, полошкиот и скопскиот плански регион
- Одделение за инспекциски надзор

2. Сектор за надзор над прописите на општините од вардарскиот, југоисточниот, источниот и североисточниот планскиот регион
- Одделение за инспекциски надзор

3. Сектор за правни и општи работи
- Одделение за нормативно-правни и администартивни работи
- Одделение за управување со човечки ресурси

4. Одделение за финансиски прашања
5. Одделение за подршка на директорот
6. Одделение за архивско работење

## 1.6 Односи со органите во состав

Државниот инспекторат за локална самоуправа со својство на правно лице со сопствена буџетска сметка, соработува со следните сектори и органи:

- Општините ,
- Министерство за локална самоуправа,
- Инспекциски Совет,
- МИОА,
- Секретаријат за законодавство при Влада на РМ,
- Секретаријат за европски прашања,
- Министерство за правда,
- Министерство за финансии

## 1.8 ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ НА ИНСПЕКТОРАТОТ

- Унапредување и додефинирање на инспекцискиот надзор и воспоставување стандардизирани процедури за работа,
- Унапредување на знаењата на инспекторите и добивање на квалитет на инспекциски надзор преку организирање на континуирани обуки,
- Доопремување и обновување на службата со кадровски потенцијал, персонални компјутери моторни возила и др.

## 1.9. ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИ И ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2017

Реализирани инспекциски надзори :

Државниот инспекторат за локална самоуправа во периодот од 01.01.2017 до 31.12.2017 година изврши вкупно 1106 контроли.

Република Македонија

**Министерство за локална самоуправа**
**Државен инспекторат за локална самоуправа**

**1.10 ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИ И ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2018**

Државниот инспекторат за локална самоуправа во периодот од 01.01.2018 до 01.08.2018 година изврши вкупно 684 надзори.

**1.11 ПРОГРАМА**

Државниот инспекторат за локална самоуправа во рамки на буџетската програма 1- инспекторати спроведува активности кои се однесуваат на вршење надзор над законитоста на прописите на општините градот Скопје и општините во градот Скопје и за унапредување на нивната законитост.

**Директор,**

Сеад Садикоски